**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 3
**18.04. 2011 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за човечки ресурси,**
**правни и општи работи**

**Април, 2011**
**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од Дваесет и првата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“, актите на Советот на Општина Делчево, коишто Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Дваесет и прва седница, одржана на ден 13. 04. 2011 година** и тоа:

1 .Одлука за давање на користење објект –училишна зграда во с. Бигла сопственост на Општина Делчево;

2. Заклучок за усвојување на физибилити студија за реконструкција на јавното осветлување во општина Делчево;

3. Одлука за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево;

4. Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ "Илинден" – Делчево за 2010 година ;

5. Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ – Делчево;

6. Мислење за Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија бр.10-86/2 од 17.03.2011;

7. Мислење за Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VI-те одделенија бр.10-87/2 од 17.03.2011

8. Одлука за определување на тарифа за користење на простор за паркирање на моторни возила на подрачјето на општина Делчево.

9. Правилник за потпишување на репрезентации во Општина Делчево.

10. Листа на информации од јавен карактер во Општина Делчево.

11. Одлука за определување управител на Градските гробишта во Делчево;

12. Мислење на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија бр.03-251/1 од 17.03.2011;

13. Мислење на Програмата за изведување на екскурзија низ Р.Македонија со учениците од VI-те одделенија бр.03-256/1 од 28.03.2011;

14**.** Одлука за одобрување на приоритетни објекти за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската банка за обнова и Развој (ЕБОР);

15.Одлука за изведување на градба;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 08- 990/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.04. 2011 год.** **Градоначалник,**
**Делчево** **Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 15 став 1 алинеја 2 од Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Делчево бр.07-461/1 од 14.07.2010 и Одлукатза измени и дополнување на Правилникот бр.07-546/1 од 23.02.2011 година, Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на користење објект –училишна зграда во с. Бигла сопственост на Општина Делчево**

Член 1
Со оваа одлука се дава на користење објект – училишна зграда во с. Бигла, сопственост на Општина Делчево, со површина од 780 м2, на к.п. бр.1647, КО Бигла, заведен во Имотен лист бр. 204.

Член 2
Објектот опишан во член 1 на оваа Одлука се издава на користење на Организацијата на резервните офицери на РМ (ОРОРМ) за остварување на редовните програмски активности (обука и едукација на резервните офицери, младината и граѓаните), како и за организирање на маршеви, вежбовни и други рекреативно-спортски активности за членовите на ОРОРМ, учениците и младинците од општина Делчево и др.општини од РМ.

Член 3
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-961/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Физибилити Студија за реконструкција на јавното осветлување во Општина Делчево**

1. Се усвојува Физибилити Студијата за реконструкција на јавното осветлување во Општина Делчево, изработена од „СОЛАРСАНС КМ" ДОО Скопје.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-962/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 29 и член 89 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Сл. весник на РМ" бр. 07/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010), а во врска со Заклучокот за усвојување на Физибилити Студија за реконструкција на јавното осветлување во Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница одржана на ден 13.04. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за започнување на постапка за јавно приватно партнерство**
**за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево донесува Одлука за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево.

Член 2

Одлуката за започнување на постапката за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево се донесува заради следните цели:

1.Постојниот систем на уличното осветлување е базиран на застарена опрема и застарен материјал со значителни недостатоци и енергетска неефикасност;
2. Со поставувањето на LED светилки кои се изработени од материјал со голема издржливост и голем век на употреба на светилката (од 50000 до 100000 работни часови), значително ќе се намалат трошоците за потрошена електрична енергија на годишно ниво;
3. Со реконструкцијата на јавното осветлување Општина Делчево ќе добие модерно, естетски издржано и еколошко јавно осветлување, ќе се подобри естетскиот изглед на централното градско подрачје (па и пошироко);
4. Ќе се постигне зголемување на ефикасноста во давањето на услугите на граѓаните во делот на јавното осветлување;
5. Ќе се подобрат условите за одвивање на сообраќајот и движењето на пешаците во ноќни услови;
6. Ќе се обезбеди улично осветлување и во другите населени места каде досега немало, т.е. ќе се прошири со нови сијалични места.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 963/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 21.седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишната сметка за 2010**
**На ЈЛБ „Илинден"**

I

Се усвојува Годишната сметка на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-964/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 г.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 21.седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишната сметка за 2010**
**На ОЈУДГ „Весели Цветови"**

I

Се усвојува Годишната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови"- Делчево за 2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 965/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 г.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, бр.07-454/1 од 15.02.2011,а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија бр.10-86/2 од 17.03.2011**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на **Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија, бр.10-86/2 од 17.03.2011 година**.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

**Број 07-966/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, бр.07-454/1 од 15.02.2011,а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VI-те одделенија бр.10-87/2 од 17.03.2011**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на **Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VI-те одделенија бр.10-87/2 од 17.03.2011 година**.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

**Број 07-967/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 2 и 20 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/04),Советот на општина Делчево на својата 21. седница одржана на ден 13.04.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За определување на тарифа за користење на простор за паркирање на моторни возила на подрачјето на општината Делчево**

Член 1

Со одлуката се определува тарифата за користење на просторите за паркирање на моторни возила на подрачјето на општината Делчево.

Член 2

За користење на простор за паркирање на моторни возила се утврдува тарифа за комунални такси на подрачјето на општината Делчево и тоа:

1.Паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта;
Дневно ..............................................20 ден.
По саат ..............................................10 ден.
2.Паркирање на комби возила и минибуси:
Дневно .............................................. 40 ден.

3.Паркирање на товарни моторни возила и автобуси:
Дневно ..............................................80 ден.

4.Паркирање на приколки и полуприколки:
Дневно ..............................................40 ден.

Член 3

Наплата на таксата ја врши правното лице сопственик на паркинг просторот или на кое му е доверено користењето и стопанисувањето на паркинг просторот. Наплатената такса правното лице ја уплатува на трезорската сметка на општината.

Член 4

За паркирање на моторни возила можат да се користат и паркиралишта во сопственост на физички и правни лица. Правата помеѓу Општината и сопственикот на паркиралиштето се регулираат со посебен договор.

Член 5

Одлуката влегува во сила 8(осум) дена по објавувањето во службен гласник на Општината Делчево.

**Број 07-968/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ДЕЛЧЕВО**
**13.04.2011 год.** **Председател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/02,,) , Советот на Општина Делчево,на својата 21.седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**за потпишување на репрезентации**
**во Општина Делчево**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат правила за потпишување на репрезентации во Општина Делчево.

**Член 2**

Во Општина Делчево репрезентации потпишува Градоначалникот на Општина Делчево.

**Член 3**

Во случај кога Градоначалникот на Општина Делчево е отсутен, репрезентации може да потпишува Заменик - градоначалникот на Општина Делчево.

**Член 4**

Во случај на отсуство на Градоначалникот на Општина Делчево и Заменик - градоначалникот на Општината, репрезентации може да потпишува само лице со писмено овластување за потпишување на репрезентации од страна на Градоначалникот на Општина Делчево.

**Член 5**

Претседателот на Советот на Општина Делчево може да потпишува репрезентации согласно средствата предвидени во Буџетот на Општина Делчево за 2011 година во Програма А0 конто за репрезентации 426 210.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Делчево,,

**Број 07-969/1**
**13.04. 2011 година** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Д е л ч е в о** **Претседател,**
**Тони Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл. весник на РМ"бр.14/2006) и член 63 став 4 од Статутот на Општина Делчево ("Сл. гласник на Општина Делчево"12/2006),Советот на Општина Делчево на својата 21.седница одржана на ден 13.04.2011 година донесе

**ЛИСТА**
**на информации од јавен карактер**
**во Општина Делчево**

1. Општина Делчево располага со информации од јавен карактер и истите ќе бидат ставени на располагање на граѓаните (барателите на информации). Информациите од точка 1 се дадени од Табелата што следува:

| | |
|---|---|
| **1** | **Информации за работата на Советот на Општина Делчево** |
| | *Одлуки, Решенија, Иницијативи, Препораки |
| | *Програми, Предлог-Програми, Стратегии,Ставови, Информации |
| | *Информации од работењето на Комисиите и посебните тела на Советот на Општина Делчево (предлози,заклучоци,мислење,ставови) |
| **2** | **Информации за работата на Градоначалникот на Општина Делчево** |
| | *Акти, Решенија, Дозволи, Планови, Програми, Ставови, Мислења |
| **3** | **Информации за работата на општинската администрација-ЕЛС Делчево** |
| | ***Информации за работата на Одделението на човечки ресурси,општи и правни работи и Одделението за финасирање, буџет,даноци, јавни дејности и ЛЕР** |
| | 1.Буџет на Општина Делчево;<br>2.Одлуки поврзани со донесувањето на Буџетот на Општина Делчево;<br>3.Нацрт-Буџет на Општина Делчево;<br>4.Годишен извештај по завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево;<br>5.Одлуки поврзани со утврдување на висината и стапките на данокот на имот, данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и комуналните такси;<br>6.Акти,Заклучоци,Одлуки,Решенија,Планови,Програми од областа на образованието,социјалната заштита,здравството,млади и спорт и соработка со невладини организации и фонадации;<br>7.Стратешки документи,Акти,Одлуки,Решенија,Програми од областа на ЛЕР и информатичката технологија;<br>8.Информации,ставови и мислење од областа на инспекциските служби; |
| **4** | **Информации од Одделението за урбанизам,уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина** |
| | 1.Генерален урбанистички план на градот Делчево;<br>2.Детални урбанистички планови;<br>3.Урбанистичка документација за населени места;<br>4.Извод од планови;<br>5.Иницијативи,Програми и Планови за подготовка на нови ДУП-ови;<br>6.Акти,Планови,Програми од областа на комуналните работи;<br>7.Акти,Планови,Програми од областа на комуналните работи;<br>8.Планови,Програми,Стратешки документи од областа на животната средина;<br>9.Информации,Ставови,Мислења од областа на работата на инспекциските служби; |
| **5** | **Информации од Одделението за инспекциски надзор** |
| | 1.Акти,Решенија,Записници за извршени инспекциски прегледи<br>2.Акти донесени од овластени инспекциски служби |
| **6** | **Информации за работата на Територијалната Против Пожарна Единица** |

2. Листата на информации од јавен карактер ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Делчево,Огласната табла на Општина Делчево и Официјалниот веб сајт на Општина Делчево.

**Број 07- 970/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04.2011** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 14 став 2 и 3 I член 15 од Законот за гробишта и погребални услуги („Сл. весник на РМ" бр.86/2008 и 156/2010) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 21.седница одржана на ден 13.04. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување управител**
**на Градските гробишта во Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево, го определува Јавното претпријатие за комунални дејности „Брегалница" – Делчево за управител на Градските гробишта.

Член 2

Јавното претпријатие од член 1 на оваа одлука должно е за вршење на работите - управување со гробишта да води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на оваа дејност.

Член 3

Се задолжува управителот на гробишта, за одржувањето на гробиштата, од носителот на гробното место, да наплатува гробна такса (гробарина).

Член 4

Се задолжува ЈПКД „Брегалница" – Делчево, по влегувањето во сила на оваа одлука да изврши усогласување на Статутот и др. акти на претпријатието согласно Законот за гробишта и погребални услуги".

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-971/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св. Климент Охридски"-Делчево, бр.07-893/1 од 04.04.2011, а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија бр.03-251/1 од 25.03.2011**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија од ООУ „Св. Климент Охридски"-Делчево, бр.03-251/1 од 25.03.2011 година.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св. Климент Охридски"-Делчево.

**Број 07-972/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св. Климент Охридски"-Делчево, бр.07-893/1од 04.04.2011, а согласно член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VI-те одделенија бр.03-256/1 од 28.03.2011**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VI -те одделенија, од ООУ „Св. Климент Охридски"-Делчево, бр.03-256/1 од 28.03.2011 година.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св. Климент Охридски"-Делчево.

**Број 07-973/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР), Советот на Општина Делчево, на својата 21.седница, одржана на ден 13.04. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За одобрување на приоритетни објекти за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР)**

Член 1

Се одобрува листата на приоритетни проекти за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР), како што следува:

„1. Реконструкција на локален пат Л-18, отклон од регионален пат Р-523- с. Нов Истевник, делница до „Балабанска маала";

2. Изградба на дел од локален пат за Л-7, отклон од регионален пат Р-522, с. Косово Дабје – Општина Делчево;

3. Изградба на дел од локален пат Л-11, отклон од М-5, с. Драмче- с. Селник, делница од М -5 до „Димовска маала".

4. Изградба на дел од локален пат Л-3, Делчево- с. Очипала-с. Драмче - с. Вратиславци, делница Делчево-с. Очипала;

5. Довршување на локален пат Л-17, отклон од регионален пат Р-523, с. Стар Истевник".

Член 2

Се задолжуваат стручните служби при Општина Делчево да ја припремат целокупната техничка документација (изработка на идејни и основи проекти, прибавување на Одобрение за градење и др. акти) за поднесување на апликации по приоритетната листа од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Оваа Одлука е составен дел на техничката документација за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР).

Член 4

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР), бр. 07-1311/1 од 01.07.2010 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Бр.07-974/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 73 и 74 од Законот за градење („Сл. Весник на РМ" бр.130/09) и законот за измени и дополнувања на Законот за градење („Сл. Весник на РМ" бр.124.10), како и член 7 од Правилникот за формата и содржина на барањето, потребната документација и образецот на Решението за изведување на градбите, односно поставување на опремата за кои не е потребно Одобрение за градење, Советот на Општина делчево, на својата 21.седница одржана на ден 13.04.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За изведување на градба**

Член 1

Се определува локацијата бр. 1 што се наоѓа на дел од к.п. бр.6683, сопственост на Република Македонија (Градски парк), за изведување на градба – поставување на јарбол.

Член 2

Јарболот е од армиран бетон и висок 30м со сопствена инсталација за осветлување.

Член 3

За добивање Решение за изведување на градба (поставување на јарбол) потребно е по донесување на оваа одлука да се комплетира техничката документација, согласно законските прописи.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот дел со предлог локацијата.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-975/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**13.04. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски**

## СОДРЖИНА

1 .Одлука за давање на користење објект –училишна зграда во с. Бигла сопственост на Општина Делчево;.............................................................. 2

2. Заклучок за усвојување на физибилити студија за реконструкција на јавното осветлување во општина Делчево;............................................................. 4

3. Одлука за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Делчево;......4

4. Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ "Илинден" – Делчево за 2010 година ;......................................................................................... 5

5. Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови" – Делчево;..........................................................................................................6

6. Мислење за Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија бр.10-86/2 од 17.03.2011;................................ 6

7. Мислење за Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од VI-те одделенија бр.10-87/2 од 17.03.2011.................................7

8. Одлука за определување на тарифа за користење на простор за паркирање на моторни возила на подрачјето на општина Делчево........................................7

9. Правилник за потпишување на репрезентации во Општина Делчево.............8

10. Листа на информации од јавен карактер во Општина Делчево...................9

11. Одлука за определување управител на Градските гробишта во Делчево;....11

12. Мислење на Програмата за изведување на екскурзија низ Р. Македонија со учениците од III-те одделенија бр.03-251/1 од 17.03.2011;..............................12

13. Мислење на Програмата за изведување на екскурзија низ Р.Македонија со учениците од VI-те одделенија бр.03-256/1 од 28.03.2011;.............................12

14. Одлука за одобрување на приоритетни објекти за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската банка за обнова и Развој (ЕБОР);..............................................13

15.Одлука за изведување на градба;..........................................................14